

С37.

# ex parte hominis

## дона урдинов

17 ноември | петок | 2000

**Кратка биографија:**

Дона Урдинов е вајар и 3д карактер артист со светска публика. Уште од рана возраст е опкружена со уметност поради нејзиниот татко, светски афирмираниот уметник Киро Урдин. Нејзината страст ја води до студии во Гномон во Холивуд, една од најдобрите академии за анимација и визуелни ефекти во филмови и игри во светот каде освојува повеќе награди и признанија. Пред да дипломира, добива пракса во компанијата Тенскај, основана од познатиот концепт артист Чарли Вен. Поради своите таленти, набрзо таму ја превзема главната улога како 3д карактер артист. По завршувањето на студиите Дона неуморно се стреми да достигне нови височини во нејзината уметност.

**Опис на проектот:**

Проектот е центриран околу моето проучување на креацијата на ликови во форма на вајарство, 3д моделирање и концепт арт. Често овие ликови се инспирирани или директно поврзани со животинското царство, бидејќи тоа за мене е едно од главните примери за избалансиран дизајн. Инсектите се еден од моите најчести извори на инспирација; тие служат како за дизајн така и за емоционален контраст помеѓу човечкото во моите дела, да ги нагласат едноставноста, свесноста и етосот во моите ликови.